Република Северна Македонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 30.09.2021
Орг. един. 03 Број 1386 Прилог: Вредност:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-263/6
28.09.2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 17 седница одржана на 05.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Ветеринарна медицина", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Ветеринарна медицина", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по биолошки науки-Таксономија /во меѓународен промет академски студии назив:Phd in Biological Sciences-Taxonomy.

4. Научно - истражувачко подрачје: 4 Биотехнички науки,
Научно – истражувачко поле: 407 Ветеринарна медицина
Научно – истражувачка област: 40700 - 40734.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Влатко Илиески, проф. д-р Велимир Стојковски, проф. д-р Павле Секуловски, проф.д-р Пламен Тројачанец, проф. д-р Владимир Петков, проф. д-р Ромелм Велев, проф. д-р Игор Улчар, проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Јована Стефановска, проф. д-р Флорина Поповска - Перчиниќ, проф. д-р Мишо Христовски, проф. д-р Александар Додовски, проф. д-р Славчо Мреношки, проф. д-р Деан Јанкулоски, проф. д-р Дине Митров.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02 - 433/25 од 25.03.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма програма „Ветеринарна медицина“, трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 263/1 од 29.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 263/3 од 01.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 17-та седница одржана на 05.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски